РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ

# ПРЕДЛОГ- ПРОЕКТ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА ДВЕГОДИШНАТА СТУДИСКА ПРОГРАМА ОД ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ ПО МЕНАЏЕРСКА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

**Предлагач:**

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
**Скопје**

**Скопје, 2020 година**

## КОРИСТЕНИ ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ

Елаборатот за акредитација на двогодишната студиска програма од втор циклус на студии по Менаџерска економија е изработен во согласност со одредбите на:

- Закон за високото образование на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 35/2008, 103/2008,26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 127/2016, 82/2018)
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Сл. весник на РМ, бр. 103/2010 и 168/2010, прилог бр. 2 - Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и облати според меѓународната фраскатиева класификација);
- Уредба за националната рамка на високо-образовните квалификации (Сл. весник на РМ, бр. 154/2010); Закон за националната рамка на квалификации (Сл. Весник на РМ, бр. 137/2013)
- Правилник за организација, работа, начинот на одлучување, методолигијата, постапката за акредитација, критериумите и стандардите за акредитација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 121/2009, 151/2012);
- Правилник за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Сл. весник на РМ, бр. 25/2011 и 154/2011);
- Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Сл. весник на РМ бр. 84/2009)
- Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје; (Универзитетски гласник, Година XIX, бр. 425, 28.06.2019 година)
- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на стидии (Универзитетски гласник 417/2019, член 34)

# Содржина


1. Карта на високообразовната институција Економски институт - Скопје ..... 5
1.а Општи дескриптори на квалификации на вториот циклус студии на Економскиот институт во Скопје/област Менаџерска економија ..... 8
1.б Специфични дескриптори на квалификации на вториот циклус студии на Економскиот институт во Скопје/област Менаџерска економија ..... 10
2. Одлука за усвојување на студиската програма од наставно-научниот совет на единицата во Прилог 1 ..... 11
3. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа односно Универзитетскиот сенат во Прилог 2 ..... 11
4. Научно–истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма . 11
5. Вид на студиска програма ..... 12
6. Степен на образование ..... 12
7. Цел и оправданост за воведување на студиската програма ..... 13
7.1. Проценка на оправданоста со оглед на потребите на пазарот на трудот ..... 17
7.2 Досегашни искуства во спроведување слични програми ..... 18
8. Години и семестри на траење на студиската програма ..... 18
9. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот ..... 19
10. Начин на финансирање ..... 19
11. Услови за запишување ..... 19
12. Информација за продолжување на образованието ..... 19
13. Утврден сооднос меѓу задолжителните и изборните предмети ..... 19
14. Податоци за просторот и опремата ..... 23
15. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма ..... 23
16. Предметни програми ..... 24
17. Список на наставен кадар ..... 24
18. Изјава за давање согласност на наставникот ..... 24
19. Согласност од високообразовната установа ..... 24
20. Информација за бројот на студенти ..... 25
21. Информација за обезбедена литература ..... 25
22. Информации за веб страница ..... 25
23. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот ..... 25
24. Резултати од изведената самоевалуација ..... 27
ПРИЛОЗИ ..... 28

ПРИЛОГ БР. 1 Одлука за усвојување на студиската програма од наставно-научниот совет на единицата....29
ПРИЛОГ БР. 2 Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа односно Универзитетскиот сенат....30
ПРИЛОГ БР. 3 Предметни програми....31
ПРИЛОГ БР. 4 Податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма од втор циклус на студии....81
ПРИЛОГ БР. 5 Изјави од наставниците за давање на согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма:....178
ПРИЛОГ БР. 6 Согласност од Економски институт – Скопје за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма....198
ПРИЛОГ БР. 7 Извештај за самоевалуација на институцијата и студиските програми на Економски институт –Скопје 2014-2017 година....200

1. **Карта на високообразовната институција Економски институт - Скопје**

| | |
|---|---|
| **Назив на високообразовната установа** | Економски институт - Скопје |
| **Седиште** | СКОПЈЕ |
| **Веб страница** | www.ek-inst.ukim.edu.mk |
| **Вид на високообразовната установа (јавна, приватно-јавна непрофитна, приватна непрофитна, приватна профитна)** | Единица во состав на УКИМ насочена кон наука |
| **Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа)** | Влада на Република Македонија |
| **Податоци за последната акредитација** | Решенија од одборот на акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија, за акредитација на втор циклус на двегодишни и едногодишни студиски програми од областа на :<br>- Меѓународна економија решение бр. 1409-212/6 од 29.12.2017<br>- Финансиски менаџмент решение бр. 1409-212/2 од 2.1.2018<br>- Меѓународен менаџмент решение бр. 1409-212/8 од 2.3.2018<br>- Претприемништво решение бр. 1409-212/4 од 29.12.2017<br>- Агробизнис решение бр. 1409-212/10 од 15.5.2018<br>- Логистика на бизнисот решение бр. 1409-161/4/4 од 15.5.2018<br>- Бизнис менаџмент решение бр. 1409-161/2 од 15.6.2018<br>- Менаџерска економија (едногодишна програма) бр. 1409-15/2 од 5.6.2017<br><br>Решенија од Министерството за образование и наука на РМ за акредитација на втор циклус на двегодишни и едногодишни студиски програми од областа на :<br>- Меѓународна економија решение бр. 1409-212/7 од 29.12.2017<br>- Финансиски менаџмент решение бр. 1409-212/3 од 29.12.2017<br>- Меѓународен менаџмент решение бр. 1409-212/9 од 2.3.2018<br>- Претприемништво решение бр. 1409-212/5 од 29.12.2017<br>- Агробизнис решение бр. 1409-212/11 од 15.5.2018<br>- Логистика на бизнисот решение бр. 1409-161/5 од 15.5.2018<br>- Бизнис менаџмент решение бр. 1409-161/3 од 15.5.2018<br>- Менаџерска економија (едногодишна програма) бр. 12-527/3 од 12.3.2015 |
| **Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација** | - Научно поле<br>5 Општествени науки<br>- Научни подрачја<br>503 Економски науки |

| | |
|---|---|
| | 506 Организациони науки и управување |
| **Единици во состав на високообразовната установа** | Во составот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје има 26 единици и тоа 21 факултет и 5 научно-истражувачки институти. |
| **Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста, со воведување на нова/и студиска/и програма/и** | - Меѓународна економија<br>- Финансиски менаџмент<br>- Меѓународен менаџмент<br>- Претприемништво<br>- Агробизнис<br>- Логистика на бизнисот<br>- Бизнис менаџмент<br>- Менаџерска економија |
| **Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите** | - University of Bologna Italija<br>- Paris-Sorbonne University, Francija<br>- Univerzitet vo Primorska Slovenija<br>- Ekonomski institut Beograd<br>- Ekonomski institut Zagreb<br>- Univerzitet Podgorica<br>- Ekonomski institut Banja Luka<br>- Ekonomski institut Sarajevo |
| **Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност** | Економски институт располага со оптимален деловен простор (околу 500 м2) во рамките на овој простор Институтот располага со 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти.<br>8 кабинети и<br>1 библиотека |
| **Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност** | Секоја училница е опремена со проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема,<br>компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, видео рекордер, телефонска централа.<br>Библиотечниот фонд располага со 13300 книги, 2133 волумени на списанија и периодика и преку 320 научноистражувачки проекти работени во Институтот.<br>Издавачка дејност на сопствени изданија меѓу кои и списанието Economic development. |
| **Број на студенти за кој е добиена акредитација** | 100 студенти на Меѓународна економија<br>130 студенти на Финансиски менаџмент<br>90 студенти на Меѓународен менаџмент<br>80 студенти на Претприемништво<br>60 студенти на Агробизнис<br>50 студенти на Логистика на бизнисот<br>100 студенти на Бизнис менаџмент<br>30 студенти на Бизнис менаџмент (на англиски јазик) |
| **Број на студенти (прв пат запишани според ЕКТС)** | 184 студенти на сите 5 насоки во учебната 2009/2010 година<br>245 студенти на сите 5 насоки во учебната 2010/2011 година<br>197 студенти на сите 5 насоки во учебната 2011/2012 година<br>148 студенти на сите 5 насоки во учебната 2012/2013 година<br>118 студенти на сите 6 насоки во учебната 2013/2014 година<br>126 студенти на сите 8 насоки во учебната 2014/2015 година<br>57 студенти на сите 8 насоки во учебната 2015/2016 година<br>54 студенти на сите 8 насоки во учебната 2016/2017 година<br>47 студенти на сите 8 насоки во учебната 2017/2018 година<br>36 студенти на сите 8 насоки во учебната 2018/2019 година<br>25 студенти на сите 8 насоки во учебната 2019/2020 година |

| | |
|---|---|
| **Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања** | 19 |
| **Број на лица во соработнички звања** | |
| **Однос наставник : студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно** | 490 (вкупна квота на студенти) : 19 наставници = 25,8<br>25 : 19 = 1,3 студенти на еден наставник за учебната 2019/2020 |
| **Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите** | Извештај за самоевалуација на институцијата и студиските програми на Економски институт-Скопје за 2014-2017, 17.8.2017 година. |
| **Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)** | Самоевалуацијата на студенти се прави еднаш годишно, а самоевалуацијата на институцијата и студиските програми на три години. |
| **Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата** | Последна евалуација на последователната<br>евалуација на Европската асоцијација на Универзитети<br>е спроведена во ноември 2017 година. |
| **Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност** | - Во 2002 година Економскио институт е добитник на наградата на град Скопје „13-ти Ноември”.<br>- Економскиот институт е еден од основачите и прв претседавач на Асоцијацијата на економски институти на југоисточна Европа.<br>- Во наставата се користи литература која е дел од Проектот на Владата: Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Европската унија.<br>- Резултатите од научните и апликативните истражувања кои ги спроведува институтот се користат при предавањата на определни предмети.<br>- Предавања одржуваат и визитинг професори од првите 150 универзитети според Академското рангирање на светските универзитети (Шангајска листа на универзитети).<br>- Програмата по Менаџерска економија е изработена во согласност со програмата на Универзитетот од Калифорнија – Универзитетски кампус Дејвис (University of California – University Campus Davis). |

**1.а Општи дескриптори на квалификации на вториот циклус студии на Економскиот институт во Скопје/област Менаџерска економија**

| Вид на дескриптор | Дескриптор на генерални квалификации |
|---|---|
| Знаење и разбирање | 1. Покажува знаење и разбирање за менаџерската економија, како и оспособеност за користење на методите за анализа и наоѓање решенија за проблемите од оваа проблематика на систематски и на креативен начин, што обезбедува основа за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни истражувачки идеи.<br>2. Поседува длабинско разбирање за меѓусебната испреплетеност на предметните области од научното подрачје на економските науки, организационите и економските науки, и покажува знаење за причинско-последичните врски помеѓу нив. |
| Примена на знаењето и разбирањето | 1.Применува аналитичко-истражувачки вештини при истражување на конкретни појави од областа на менаџерската економија, како и при решавање на интердисциплинарни прашања и проблеми.<br>2.Покажува способност за критичко размислување и аргументирана дискусија при разгледување и решавање на конкретни проблеми од менаџерската економија. |
| Вештини | 1. Покажува способност за јасна, концизна, навремена и разбирлива комуникација со засегнатите страни при решавањето на определен проблем, како и почитување на хиерархиската поставеност при организациска комуникација, отчетност при пренос на информациите и професионалност во извршувањето на обврските.<br>2. Покажува способност за работа во мултикултурни средини, поседува разбирање за различните вредносни системи, има изразена посветеност кон тимската работа и оспособеност за осознавање на сопственото место во тимот при работа на конкретен проблем, согласно сопствените компетенции.<br>3. Владее со елементите и компонентите на комуникација и вештините за слушање и успешно користи информатички и комуникациски технологии.<br>4. Демонстрира совладани и комбинирани вештини за учење – концентрација, читање и слушање, меморирање, користење на времето, индивидуално ангажирање, индивидуална истражувачка работа, читање литература и барање релевантни податоци од интернет.<br>5. Покажува оспособеност за критичко размислување при оцената на ставови, идеи и решенија поврзани со конкретен проблем, како и способност за ефикасна примена на стекнатото знаење во пракса.<br>6. Покажува способност за идентификување на своите предности и на релевантните вештини на учење во функција на подобро искористување на сопствените потенцијали. |

| | |
|---|---|
| **Компетенции и способности** | 1. Стекнува компетенции за прибирање, обработка, анализа и презентирање на релевантни информации, идеи и концепти, како и способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето за клучните области од менаџерската економија.<br>2. Компетенции за оценка и правилна примена на методологијата што се користи при истражувањето на проблеми од областа на менаџерската економија.<br>3. Покажува компетенции за соодветна проценка и приоретизирање на конкретни проблеми од областа на менаџерската економија и избор на соодветни менаџерски одлуки. |

**1.б Специфични дескриптори на квалификации на вториот циклус студии на Економскиот институт во Скопје/област Менаџерска економија**

| Вид на дескриптор | Дескриптор на специфични квалификации |
|---|---|
| Знаење и разбирање | 1. Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење, со високо ниво на професионална компетентност во доменот на специфичните дисциплини: микроекономија, економска политика, економија на трудот, финансии, економија на животна средина и економска регулација и во сродните области како политика и стратегија на конкурентност, меѓународен бизнис, економија на пари, банкарство и финансиски институции, дигитална економија, менаџерско одлучување и менаџмент на иновации, економија на микрофинансирање и сл.<br>2. Покажува знаења неопходни за разбирање на економијата, за анализа на понудата и побарувачката на пазарите и отстапките од правилата, за функционирањето на економската политика, за релевантни анализи на факторите на производство, за одделните финансиски аспекти и инструменти во економијата, за делувањето на меѓународното окружување врз економијата, за донесувањето на менаџерски одлуки и интегрирање на современите економски правила и принципи во работењето. Исто така, покажува знаења неопходни за истражувањето на пазарот, за теоријата и политиката на формирање цени, за функционирањето на јавно-приватните партнерства, за влијанието и користењето на дигиталната економија и современата деловна комуникација. |
| Примена на знаењето и разбирањето | 1.Применува знаење релевантно за научната област микроекономија, економска политика, менаџерски финансии, економија на трудот, економија на животна средина, економска регулација, како и при третирање на различни професионални и/или научно-истражувачки проблеми, а посебно при избор на соодветни политики и стратегии, при донесување на одлуки, при избор на најсоодветен настап на домашни и странски пазари. Применување на знаење за донесување на рационални одлуки во процесот на работење, како во приватниот, така и во јавниот сектор. Посебни знаења за меѓусебната поврзаност на економските процеси и менаџерските одлуки. |

| | |
|---|---|
| **Вештини** | 1. Демонстрира длабински аналитички пристап при следење, разбирање и коментирање на проблемите од областа на менаџерската економија, како и интердисциплицираните и други поврзани прашања.<br>2. Поседува специфични технички и комуникациски вештини за ефективно и ефикасно извршување на работните задачи од областа на менаџерската економија.<br>3. Покажува вештини за критичко размислување при оцената на ставови, идеи и решенија поврзани со менаџерската економија, како и способност за ефикасна примена на стекнатото знаење во секојдневното работење и делување.<br>4. Поседува концепциски вештини со кои преку анализа и дијагноза на различни аспекти на менаџерската економија, може да ги исполни поединечните цели и да донесе одлуки со кои ќе се исполнат севкупните цели на бизнисот. |
| **Компетенции и способности** | 1. Посебни способности за идентификување на влијанието на економијата врз процесот на менаџерско одлучување. Покажува способност за комбинирање на факторите на производство во насока на остварување и максимизирање на профитот и зголемување на ефикасноста и продуктивноста на работењето.<br>2. Поседува способности за разбирање на економскиот амбиент и политиките на државата при креирањето на целите и инструментите на макроекономската политика и компетенции со кои менаџерите ги разбираат и детерминираат правците на делување на макроекономските политики и како истите влијаат при процесот на менаџерско одлучување.<br>3. Специфичните компетенции се одразуваат во способноста на анализата на трудот како специфичен фактор на производство, оспособеноста за правилно идентификување на понудата и побарувачката на работна сила и ефектите на политиките на вработување на пазарот на работна сила.<br>4. Посебни компетенции за разбирање на пазарното и регулаторното окружување во кое работат менаџерите, како и анализа на политиките и законодавството за заштита на животната средина преку подлабоко разбирање на економското однесување и стимулативните мерки. |

2. **Одлука за усвојување на студиската програма од наставно-научниот совет на единицата во Прилог 1**

3. **Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа односно Универзитетскиот сенат во Прилог 2**

4. **Научно–истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма**

**5. Научно поле на општествени науки**

***5.03 Економски науки***

50300 Економска теорија

50302 Применета економија

50305 Економски развој

50308 Меѓународни економски односи

50308 Фискална економија

50310 Просторна економија и екологија

50314 Економика на аграрот и шумарството

50312 Економика на јавни служби

50320 Економија на трудот

50325 Маркетинг

50326 Финансии

50329 Друго

***5.06 Организациони науки и управување***

50602 Менаџмент системи

50603 Бизнис менаџмент

50607 Финансиски менаџмент

50608 Маркетинг менаџмент

50613 Деловно комуницирање

50624 Друго

**5. Вид на студиска програма**

Студиската програма е студиска програма од видот на **академски студии.**

**6. Степен на образование**

Студиската програма е студиска програма од **втор циклус VIIA** кое соодветствува на **степен 7** ниво во Европската Рамка на високо образовни квалификации. (според Закон за Националната рамка на квалификации, Службен весник бр. 137/2013).

## 7. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Студиската програма овозможува стекнување на знаење од повеќе области од подрачјето на економските науки и негова примена во менаџерското работење. Концепциската поставеност обезбедува мултидисциплинарен пристап при изучувањето на одделните сегменти на економијата од гледна точка на менаџерите. Имајќи ги предвид современите научни трендови и предизвиците на процесот на глобализација, повеќе од неопходна е потребата од интегрирана студиска програма со која ќе се стекне напредно знаење за влијанието на одделни економски аспекти врз процесот на управување и работење. Истовремено, преку овие студии се овозможува комплексна анализа на проблемите на модерната економија и општеството и изнаоѓање на иновативни решенија за нивно надминување.

Менаџерската економија е наука која ги комбинира економската теорија и практика со цел да го олесни процесот на донесување одлуки. Таа е мошне корисен концепт за секој поединец кој во рамки на своето работење се соочува со економски проблеми кои влијаат на донесувањето на рационални одлуки. Основата на менаџерската економија е креирање на најдобра комбинација  на ограничените ресурси со цел да се максимизира профитот.

Во суштина, современите економисти менаџерската економија ја гледаат како практична примена на економската теорија во ефективно користење токму на ограничените ресури. Ако микроекономијата се однесува на анализа и распределба на ограничените ресурси на ниво на поединци и домаќинства, макроекономијата анализата ја проширува на економијата како целина, менаџерската економија користи алатки кои се симбиоза на микроанализата и макроекономските аспекти на економијата, како основа за креирање одржлива бизнис идеја. Менаџерската економија е значајна за работењето на профитните организации овозможувајќи максимизирање на профитот, но исто така е корисна и во работењето на непрофитните организации.

Во рамки на студиската програма Менаџерска економија се изучуваат економските теории, логиката и методологијата кои се применуваат при барање на решение за практичните проблеми на бизнисот. На тој начин Менаџерската економија се однесува на оној сегмент од економското знаење или економските теории кои се користат како алатка за анализирање на бизнис проблемите и за конципирање на рационални бизнис одлуки. Целта на воведувањето на оваа студиска програма е да се премости јазот помеѓу теоријата и менаџерската пракса, со што ќе се постигне примена

на економските размислувања при анализа на бизнис ситуациите. Менаџерската економија ги интегрира економската теорија со бизнис практиката, во насока на донесување на ефективни одлуки и ефикасен процес на планирање. Во таа смисла, студентите кои ќе ја завршат оваа студиска програма ќе можат да ги применуваат економските концепти и анализи при формулирање на соодветна менаџерска стратегија.

Значењето на студиската програма произлегува од потребата менаџерите да стекнат компетенции за да анализираат, планираат и да донесуваат одлуки за соодветен избор на ресурсите (труд, капитал, земја и финансии) кои се релативно ограничени, како и да се оспособат да ги употребат истите најефикасно. Студиите по Менаџерска економија се воведуваат со цел економските концепти и принципи да се искористат во функција на решавање на предизвиците на бизнисот, како што се: профитот, побарувачката, трошоците, определувањето на цените, производството, ангажирањето на човечки ресурси, конкуренцијата, бизнис циклусите, националниот доход итн.

Студиската програма по Менаџерска економија интегрира особено битни економски подрачја. Микроекономската анализа се фокусира на основните економски поими кои се однесуваат на однесувањето на потрошувачите, претпријатијата и секторите во економијата како што се: пазар, понуда и побарувачка, пазарни структури и производна функција. Темите од микроекономијата се надополнуваат со спецификите кои се издвојуваат во теоријата, како еластичностите на понудата и побарувачката и отстапките од економските закони, теоријата за избор на потрошувачите, буџетското ограничување, преференциите и нивните оптимални избори. Истовремено, техниките за разбирање на побарувачката и однесувањето на потрошувачите преку маркетинг пристапи и методи за анализа на однесувањето на потрошувачите, примената на проста и повеќекратна регресиска анализа, користење на податоци за потрошувачите на пазарот и економетриските студии за анализа на пазарот, нивното разбирање и примена, се аспекти кои се посебно значајни за критичко размислување при креирањето на стратегии на конкурентност, во услови на различни пазарни структури и регулирано окружување. Анализата на економската политика се фокусира на макроекономските проблеми како што се: економскиот раст, деловниот циклус, невработеноста, инфлацијата, меѓународната економија и политиките кои ги регулираат истите. Разбирањето на економскиот амбиент и политиката во државата и влијанието на макроекономско ниво при креирање на целите и инструментите на макроекономската политика и на микроекономско ниво, на ниво на поединци и претпријатие е академска вештина со која менаџерите ги разбираат и детерминираат правците на делување на

макроекономските политики и како истите влијаат при процесот на менаџерско одлучување. Препознавањето на ефектите на економската политика врз вработеноста, штедењето, инвестициите, економскиот раст се предуслов за ефикасни стратегии за настап на домашниот и странскиот пазар, имајќи ги предвид политиката на девизен курс и политиката на надворешно-економските односи. Изучувањето на економската политика им нуди специфични знаења на идните менаџери за нејзина соодветна примена во работењето и при донесувањето одлуки.

Студиската програма по Менаџерска економија овозможува стекнување на знаења за длабинска анализа на основните фактори на производство: трудот, капиталот, земјата и природните ресурси. Преку анализата на трудот како специфичен фактор на производство се идентификуваат понудата и побарувачката на работна сила, теориите и практиките на определување на платите, мобилноста на работната сила, улогата на синдикатите и колективното договарање, влијанието на државата врз пазарот на работна сила, одделните аспекти на вработеноста и невработеноста, како и политиката за вработување и политиката на пазарот на работна сила.

Разбирањето на структуратата, механизмите и праксата на делување на современите финансиски системи, финансиски институции и пазари е важен сегмент е предизвик за менаџерите. Со изучувањето на теоријата, практичните примери и техники кои се применуваат во финансискиот сектор, студентите се оспособуваат да ги разберат финансиските случувања и да можат да донесат соодветна финансиска одлука. Посебен акцент е ставен на различни аспкети на банкарскиот начин на финансирање, природата, начелата и техниките на финансирање на другите финансиски посредници, како и спецификите на функционирање на пазарот на пари, девизниот пазар и пазарот на капитал.

Анализата на капиталот како фактор на производство е направена од аспект на улогата и значењето на финансиите во деловното работотење. Оттаму, разбирањето на финансисите и нивното значење при менаџерското одлучување е предизвик за секој менаџер. Со изучување на финансиските аспекти, студентите се здобиваат со знаење за меѓусебната поврзаност и влијание на финансиските варијабли. Фокусот е ставен на спроведување на финансиска анализа и планирање, разбирање и употреба на различните извори на финансии, управување со структурата на капиталот и капитално буџетирање, спознавање на процесот на инвестициско одлучување и анализа на дисконтирани парични текови, управување со ризикот и ризичните пласмани, разбирање на домашното

и меѓународното финансиско окружување, стекнување на знаења за спојувања и меѓународни бизнис пристапи и за меѓународниот финансиски менаџмент.

Производствените одлуки направени врз основа на пазарните сили на понудата и побарувачката предвидуваат постигнување на парето оптимумот и максимизирање на благосостојбата. Но, доколку се занемарат недостатоците на пазарот, ваквите одлуки можат да доведат до неефикасност, која често пати е поврзана со животната околина. Во рамки на економијата на животна средина се изучуваат теоретските основи за одржливо користење на расположливите ресурси, односно се изучуваат економските основи за носење на јавни одлуки во насока на зачувување на природните ресурси и животната средина. На овој начин во студиумот Менаџерска економија се анализира земјата и природните расурси од аспект на основните проблеми на животната средина кои се резултат на економските закони на пазарното делување на субјектите во економијата, како и анализа на политиките и законодавството за заштита на животната средина преку подлабоко разбирање на економското однесување и стимулативните мерки.

Познавањето на пазарното и регулаторното окружување во кое работат менаџерите е значајно за оспособување на успешни менаџери. Оттаму, мошне важен аспект е да се детектираат и анализираат сите стандардни форми на пазарни несовршености и нарушувања на конкуренцијата, да се анализираат конкретните случаи на нарушување на конкуренцијата на пазарот и соодветно на тоа да се применат методи за оптимална регулација и одлуки со кои ќе се заштити конкуренцијата. Наставната програма на Менаџерска економија предвидува изучување на видовите и теоријата на економска регулација пред се на природните монополи, како што се регулацијата во областа на енергетската индустрија, регулација на телекомуникацискиот сектор, регулација на заштитата на животната средина, регулација на водоснабдувањето, системите на канализација и управување со отпадот, регулација на транспортот. Посебен аспект во рамки на економската регулација претставува социјалната регулација која ги опфаќа вреднувањето на животот и другите немонетарни бенифиции, безбедноста на производите, регулацијата на безбедноста и заштитата на работните места и правото за заштитата на интелектуалната сопственост. Покрај тоа се изучуваат и начините како се предлагаат и раководат соодветните форми на економска регулација во конкретно наведените области на економска акивност, како и предлагањето и раководењето со форми на социјална регулација.

Интегрирајќи ги овие економски аспекти студиската програма по Менаџерска економија ги оспособува студентите критички и стратешки да размислуваат и да

донесуваат рационални одлуки во работењето, имајќи ги предвид економските законитости и карактеристики. Програмата прави симбиоза на економски прашања кои се надградени на повисоко ниво и се нагласува критичкото размислување при решавањето на економските дилеми и проблеми во пракса. Наставната програма е наменета за студенти кои своето образование го насочуваат кон стекнување знаења и вештини за економските прашања и принципите на управување, со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на работна сила, како за вработување во приватниот сектор, јавниот сектор (јавни претпријатија), во мултинационални компании и секако во мали бизниси и при самовработување. Со завршување на оваа наставна програма студентите ќе се стекнат со магистратура од економски науки - звање магистер по менаџерска економија.

### 7.1. Проценка на оправданоста со оглед на потребите на пазарот на трудот

Со завршување на двегодишните студии, студентите се стекнуваат со генерички знаења и вештини за менаџерската економија. Студентите ќе се стекнат со посебни (специфични) знаења од областа на микроекономската анализа, теоретската поставеност на економската политика и нејзините инструменти, економијата на трудот, економијата на пари, банкарство и финансиските пазари, економијата на животната средина, економската регулација и менаџерските финансии.

Со стекнување на генерички и специфични знаења и вештини во областа на менаџерската економија, студентите ќе бидат оспособени да ги применуваат аналитичко-истражувачки вештини при истражување на конкретни појави, како и при решавање на интердисциплинарни прашања и проблеми. Изборот на предмети на оваа студиска програма прави една заокружена целина според која студентите ќе ги разберат и користат основните постулати на микроекономската анализа, целите, мерките и инструментите на економската политика, ќе се оспособат да го утврдат и применат оптималниот микс на ограничените фактори на производство за постигнување на целите на работењето.

На оваа студиска програма можат да аплицираат студенти кои завршиле економија, менаџмент, човечки ресурси, други општествени науки, како и студенти кои имаат завршено природни или технички науки, но на своите работни позиции се соочуваат со процесот на менаџерско одлучување и реално им се неопходни посебни

знаења за меѓусебната поврзаност на економските процеси и менаџерските одлуки. Преку студиската програма по Менаџерски економија ќе се овозможи едуцирање на кадар кој ќе биде способен да ги анализира одделните аспекти на една економија, да ги искористи во своето работење и да може најсоодветно да одговори на очекуваните промени. Студиската програма ќе им го олесни процесот на донесување одлуки на менаџерите, бидејќи е мошне корисен концепт за секој поединец кој во рамки на своето работење се соочува со економски проблеми кои влијаат на донесувањето на рационални одлуки. Во таа смисла, со оваа студиска програма се стекнуваат знаења и вештини кои треба да овозможат креирање на најдобар микс на ограничените ресурси со цел да се максимизира профитот.

### 7.2 Досегашни искуства во спроведување слични програми

Економскиот институт – Скопје во својата досегашна практика успешно имплементира неколку студиски програми од подрачјето на Економските науки и Организационите науки и управување, кои се спроведуваа од учебната 2000/2001 година. Од 2012 година студиските програми се акредитираа по ЕКТС на образование за втор циклус на студии. Од добивањето Согласност за нивно отпочнување од учебната 2000/2001 година до денес интересот за студиските програми е во постојан пораст. Бројот на вкупно запишани студенти до денес и преку 1000 студенти, а бројот на магистрирани е преку 300 кандидати. Студиските програми кои се спроведуваат редовно се ревидираат во поглед на иновирање на литературата и модификации во рамки на предметните програми во насока на нивно подобрување и прилагодување на современите научни сознанија и практики.

Студиската програма по Менаџерска економија двегодишна програма има добиено акредитација бр. 12-527/3 од 12.3.2015.

## 8. Години и семестри на траење на студиската програма

Двегодишните студии од втор циклус ќе бидат организирани во траење од 2 (две) години, односно, 4 (четири) семестри. Четвртиот семестар е предвиден за изработка на магистерски труд.

## 9. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот

Студентот кој ги завршил студиите се стекнува **со 120 кредити.**

## 10. Начин на финансирање

Потребните финансиски средства за организирање на студиската програма се на товар на студентите запишани на студиите.

## 11. Услови за запишување

На последипломските студии од втор циклус можат да се запишат студентите кои завршиле прв циклус на студии и оствариле 180 кредити во првиот циклус на студии. Предност при упис имаат студентите кои завршиле прв циклус на студии, односно економски факултет, правен факултет, деловна администрација, бизнис економија и други факултети од областа на општествените науки. Студентите кои завршиле прв циклус на студии од сите горе наведени области можат директно да се запишуваат на двегодишната студиска програма од втор циклус од областа на Менаџерска економија.

## 12. Информација за продолжување на образованието

После завршување на вториот циклус на студии на Економскиот институт - Скопје, на студиската програма по Менаџерска економија, студентот може да го продолжи своето образование на трет циклус на студии.

## 13. Утврден соодност меѓу задолжителните и изборните предмети

Наставниот процес на двегодишната студиска програма од втор циклус на студии се реализира во четири семестри во текот на 2 студиски години, при што предвидени се 8 задолжителни и 6 изборни предмети.

Соодносот на задолжителни и изборни предмети на секоја од студиските програми е 60:40. Во однос на изборните предмети, 30% се избираат од потесната листа на изборни предмети предложени на оваа студиска програма и од поширокат листа на

изборни предмети на Економскиот институт, а 10% се избираат од листата на изборни предмети на УКИМ.

Задолжителните и изборните предмети опфатени во програмата се како што следува:

**Табела 1: Задолжителни и изборни предмети**

**I Семестар**

| **Број** | **Код** | **Предмети** | **ЕКТС** |
|---|---|---|---|
| 1 | **МЕК3101** | Микроекономска анализа | **8** |
| 2 | **МЕК3102** | Економска политика | **8** |
| 3 | **МЕК3103** | Економија на трудот | **8** |
| 4 | | Од листа на изборни предмети | **6** |
| **Вкупно** | | | **30** |

**II Семестар**

| **Број** | **Код** | **Предмети** | **ЕКТС** |
|---|---|---|---|
| 1 | **МЕК3104** | Економија на пари, банкарство и финансиски пазари | **8** |
| 2 | **МЕК3105** | Економија на животна средина | **8** |
| 3 | **МЕК3106** | Економска регулација | **8** |
| 4 | | Од листа на изборни предмети | **6** |
| **Вкупно** | | | **30** |

**III Семестар**

| **Број** | **Код** | **Предмети** | **ЕКТС** |
|---|---|---|---|
| 1 | **МЕК3107** | Менаџерски финансии | **8** |
| 2 | **МЕК3108** | Теорија и политика на цени | **8** |
| 3 | | Од листа на изборни предмети | **6** |
| 4 | | Од листа на изборни предмети | **6** |
| 5. | | Проектна задача | **2** |
| **Вкупно** | | | **30** |

**IV Семестар**

| **Број** | **Код** | **Предмети** | **ЕКТС** |
|---|---|---|---|
| 1 | | Од листа на изборни предмети | **6** |
| 2 | | Од листа на изборни предмети на УКИМ | **4** |
| **Магистерски труд** | | | **20** |
| **Вкупно** | | | **30** |

**Табела 2. Листа на задолжителни предмети**

| Предмет | Наставник | Институција |
|---|---|---|
| **Задолжителни предмети** | | |
| Микроекономска анализа | проф. д-р Елизабета Џамбаска<br>проф. д-р Искра Станчева Гигов | Економски институт<br>Економски институт |
| Економска политика | проф. д-р Александра Лозаноска<br>проф. д-р Елизабета Џамбаска | Економски институт<br>Економски институт |
| Економија на трудот | проф. д-р Верица Јанеска<br>проф. д-р Александра Лозаноска | Економски институт<br>Економски институт |
| Економија на пари, банкарство и финансиски пазари | проф. д-р Диана Бошковска<br>доц.д-р Владимир Петковски | Економски институт<br>Економски институт |
| Економија на животна средина | проф. д-р Наташа Данилоска<br>проф. д-р Катерина Хаџи Наумова Михајловска | Економски институт<br>Економски институт |
| Економска регулација | проф. д-р Снежана Костадиноска Милошеска<br>проф. д-р Елена Давитковска | Економски институт<br>Економски институт |
| Менаџерски финансии | проф. д-р Биљана Ангелова<br>проф. д-р Климентина Попоска | Економски институт<br>Економски институт |
| Теорија и политика на цени | проф. д-р Биљана Ангелова<br>проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска | Економски институт<br>Економски институт |

**Табела 3. Листа на изборни предмети**

| Предмет | Наставник | Институција |
|---|---|---|
| **Изборни предмети** | | |
| Политика и стратегии за конкурентност | проф. д-р Елизабета Џамбаска<br>проф. д-р Александра Лозаноска | Економски институт<br>Економски институт |
| Меѓународен бизнис | проф. д-р Силвана Мојсовска<br>проф. д-р Искра Станчева Гигов | Економски институт<br>Економски институт |
| Економска политика во земјоделството | проф. д-р Наташа Данилоска<br>проф. д-р Катерина Хаџи Наумова Михајловска | Економски институт<br>Економски институт |
| Јавно приватно партнерство | проф. д-р Александра Лозаноска | Економски институт<br>Економски институт |

| | | |
|---|---|---|
| | проф. д-р Елизабета Џамбаска | |
| Дигитална економија | проф. д-р Зоран Јаневски<br>доц. д-р Владимир Петковски | Економски институт |
| Економија на микрофинансирање | проф. д-р Климентина Попоска<br>проф. д-р Неда Петроска Ангеловска | Економски институт<br>Економски институт |
| Истражување на пазарот | проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска<br>проф. д-р Искра Станчева Гигов | Економски институт<br>Економски институт |
| Менаџерско одлучување | проф. д-р Васил Поповски<br>проф. д-р Ирина Мајовски | Економски институт<br>Економски институт |
| Менаџмент на иновации | проф. д-р Васил Поповски<br>проф. д-р Ирина Мајовски | Економски институт<br>Економски институт |
| Деловна комуникација | проф. д-р Марија Таковска<br>проф. д-р Зоран Јаневски | Економски институт<br>Економски институт |

Задолжителните предмети на оваа студиска програма носат по 8 кредити, односно вкупен фонд на расположливо време од 240 часови. Изборните предмети од потесната листа на изборни предмети предложени за оваа студиска програма и од пошироката листа на изборни предмети на Економскиот институт носат по 6 кредити со вкупен фонд на расположливо време по 180 часови, додека изборниот предмет од слободната листа на изборни предмети на УКИМ носи 4 кредита со расположливо време од 120 часа.

Вкупен број на кредити 120
Задолжителни предмети: 8
Изборни предмети: 6

Кредити од задолжителни предмети: 64 (8*8 кредити)
Кредити од изборни предмети: 34 (5*6) и (1*4)
Проектна задача 2 кредити
Кредити за магистерски труд: 20 кредити

**Прва студиска година: вкупно 60 кредити**
**Прв семестар: 30 кредити**
**Втор семестар: 30 кредити**

**Втора студиска година: вкупно 60 кредити**
**Трет семестар: 30 кредити**
**Четврт семестар: 30 кредити**

***Вкупно: 120 кредити***

## 14. Податоци за просторот и опремата

За изведување на наставните активности на последипломските студии Економски институт - Скопје располага со оптимален деловен простор (околу 500 $м^2$), на ул. „Пролет” бр. 1. Овој простор е доделен на трајно користење од страна на Министерството за наука, со решение бр. 03-1231/2 од 31.10.1991 година. Во рамките на овој простор Институтот располага со 8 пространи кабинети опремени со современ мебел, просторија каде што е сместена библиотеката, како и со 2 училници во кои може да се изведува настава и тоа за 50 студенти и за 80 студенти. Секоја училница располага со опрема за изведување на настава: проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема.

## 15. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Покрај просторната компонента, Економскиот институт-Скопје располага и со следнава научно-истражувачка инфраструктура:

- Библиотечен фонд (околу 10916 книги, 250 волумени на списанија и периодика и преку 320 научно-истражувачки проекти работени во Институтот);
- Современа информатичка опрема (27 персонални компјутери поврзани во мрежа, 12 ласерски печатачи, пристап до информациите на Интернет и сл.);
- Архивски фонд од трајна вредност (повеќегодишна научно-истражувачка документација);
- Издавачка дејност (сопствени изданија, меѓу кои и списанието: „Economic development“, во кое можат да се публикуваат научни трудови од обласа на економските и организациските науки) и
- Друга современа опрема што се користи за научни истражувања (компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, е-маил, факс, телефонија и сл.).

## 16. Предметни програми

Содржината на секој предмет во студиската програма дава опис кој содржи: наслов, код, семестар на студии, ЕКТС кредити, име на предметниот наставник, цели на предметот, компетенции кои се стекнуваат преку предметот, содржина на предметот, методи на учење, форми на наставните активности, начин на проверка на знаењето и оценување и литература задолжителна и дополнителна. Во **Прилог бр. 3** од овој елаборат за студиската програма се наоѓаат сите предметни програми пополнети од наставниците според прилог бр. 3 од Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии.

## 17. Список на наставен кадар

Податоците за профилот и квалификациите на наставниот кадар се приложени во **Прилог бр. 4** на овој документ, во согласност со барањата дефинирани во Прилог број 4 од Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии.

## 18. Изјава за давање согласност на наставникот

Изјавите од наставниците за давање согласност за учество во изведувањето на настава по одредени предмети од студиската програма од **втор циклус**: Менаџерска економија се дадени во **Прилог 5**.

## 19. Согласност од високообразовната установа

Писмата за согласност од високообразовните установи во кои се вработени наставниците од УКИМ кои учествуваат во изведувањето на наставата по одредени предмети од студиската програма од **втор циклус: Менаџерска економија**, се дадени во **Прилог 6.**

## 20. Информација за бројот на студенти

Се предвидува упис на 20 студенти. На последипломските студии од втор циклус можат да се запишат студентите кои завршиле прв циклус на студии, односно оствариле 180 кредити во првиот циклус на студии. Останатите конкурсни услови ќе бидат во согласност со условите за запишување и Правилникот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

## 21. Информација за обезбедена литература

Предвидената задолжителна и дополнителна литература (дадена во предметните програми) ќе биде обезбедена од страна на Економскиот институт пред почетокот на студиската програма, во рамките на библиотеката која ја поседува институтот.

## 22. Информации за веб страница

Сите информации за студиската програма ќе бидат достапни на сопствената web страната на Економски институт www.ек-inst.ukim.edu.mk.

## 23. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот

Кандидатите кои ќе ги завршат магистерските студии и успешно ќе ја одбранат магистерската теза се здобиваат со научен степен **магистер на економски науки од областа на Менаџерска економија** (**Master of Science in Economics, Field Managerial economics**).

### а) Облици на настава и начини на проверка на знаењата

Традиционални и интерактивни предавања, семинари предводени од тутори и професионални експерти; независно истражување; практична работа во претпријатија, банки, брокерски куќи и други институции. Во наставата можат да се вклучат и предавачи гости кои се финансиски менаџери, претставници на менаџерски тимови на домашни и странски компании, директори на јавни претпријатија, банки или други институции во Република Македонија.

Врз основа на предвидените начини на спроведување на наставата композитот на оценката ќе биде структуриран на следниов начин:

**б) Композит на оценката**

Студентот во текот на студирањето на оваа студиска програма, потребниот број на кредити го остварува преку континуирано оценување на сите негови активности предвидени со програмата за секој наставен предмет.

Формирањето на завршната оценка по задолжителните и изборните предмети од студиската програма се базира на:

| | |
|---|---|
| Активност на час | 10% |
| Научно-истражувачки активности | 30% |
| Испит | 60% |
| Вкупно | 100% |

Научно-истражувачката активност се состои од подготовка на истражување кое се определува во согласност со предметните наставници и студентот и негова јавна презентација. Испитите ќе се изведуваат писмено. Право да полгаат испит ќе имаат само оние студенти кои освоиле најмалку 20 бода (односно 20%) од научно-истражувачката работа и 5 бода (5%) од активности на час.

Оценувањето на постигнатите резултати на студентот е квантитативно. Завршното оценување за секој предмет соодветно се изразува со оценка од 5 до 10, каде оценка 5 означува недоволен успех.

